
ОПШТИНА
ГРАДСКО
ВИСТИНСКИОТ
ИЗБОР
ТВОЈОТ ЧОВЕК! ТВОЕТО МЕСТО! ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!
ВМРО-ДПМНЕ

# ВИСТИНСКИОТ ИЗБОР

ТВОЈОТ ЧОВЕК! - ТВОЕТО МЕСТО! - ЗА ТВОЈАТА ИДНИНА!

ВМРО-ДПМНЕ

## ОПШТИНА ГРАДСКО



Драги мои пријатели, соседи, сограѓани,

Секој од нас има своја приказна. Твојата почнува таму каде што чекориш секој ден – по твојата улица, низ твоето маало, во твојот град. Таму се случиле првите радости и првите таги. Таму си ги доживеал првите победи, но и првите порази. Таму си создал пријателства, семејство и спомени. Тоа е местото кое те изградило и кое те држи.

Знам дека не секогаш е лесно. И јас сум имал моменти на дилема – дали вреди? дали ќе успееме? Но секогаш, одговорот го наоѓам во луѓето што ги среќавам секој ден – во работникот што се бори чесно за лебот, во мајката што не се предава за своите деца, во младиот човек што сонува да остане тука, дома.

Оваа прва година како премиер беше година на тежина, но и на надеж. Знам дека чекате повеќе, и искрено ви велам – и јас сакам повеќе. Но најважно е дека патот е отворен. И дека веќе почнавме. Почнавме да ја враќаме довербата во државата и да ни се создава надежта дека иднината може да биде подобра.

Твоето маало, твојата општина, твојот град – тоа не се само зборови. Тоа е твојот дом. И за домот, се бори човек со сè што има.

Затоа овие избори не се само политика. Овие избори се твојата приказна. Тоа е избор за училиштето каде учат твоите деца или внуци. За паркот каде се среќаваш со пријателите. За болницата во која очекуваш грижа. За патот по кој одиш секое утро на работа. За тоа дали ќе продолжиме напред – или ќе дозволиме повторно да нè враќаат назад.

Знам што значи да имаш доверба. И знам што значи народното – „Имам свој човек“. Тоа е оној што ќе ти помогне, ќе заврши работа, ќе биде покрај тебе кога ти е најтешко. Тој човек е твојот градоначалник, кој со труд, посветеност и резултати докажа дека може да се потпреш на него. Тоа е твојот човек. За твоето место, за твојата иднина.

Затоа ти велам со искрена благодарност: -твојот глас е повеќе од политичка одлука. Тој е знак дека не се откажуваме, дека веруваме, дека сакаме подобро. Секој глас е порака – дека сакаме надеж, сакаме правда, сакаме иднина тука, дома.

Драги мои луѓе,

Не ветувам дека ќе биде лесно. Но ветувам дека ќе биде вистински. Со чесност, со работа и со истрајност. Ветувам дека нема да се откажеме!

Времето на Македонија допрва доаѓа. Тоа е времето во кое секој од нас ќе каже: -да, вредеше. Вредеше затоа што имав свој човек. Вредеше затоа што моето место продолжи да расте. Вредеше затоа што имам иднина тука, во мојата земја.

Ве повикувам, замолувам, како ваш сосед, пријател, сограѓанин, излезете на овие избори, со надеж, оптимизам и непоколеблива волја, и бидете силата на промените и иднината и направете го Вистинскиот избор!

Со Твојот човек.

За Твоето место.

За твојата иднина!

Со благодарност и надеж,

Христијан Мицкоски



Почитувани сограѓани,

Пред четири години ја побарав Вашата доверба како кандидат за градоначалник да ја водам Општина Градско во промени. Предложив проекти за да ја направиме Општина Градско пристојно место за живеење. Заедно тргнавме на тој пат и еве по четири години стигнавме на ниво на најуспешните општини во регионот и во целата држава. Горд сум на тоа, горд сум на вас, на соработката, на поддршката и на довербата.

Сега е време да одлучиме – ќе продолжиме да се качуваме на таа скала или ќе се вратиме на дното каде што бевме пред четири години.

Имам визија и енергија да продолжам да го трасирам патот по кој треба да се развива Општина Градско. Најмногу затоа што имаме подготвена основа и комплетно ќе ги реализираме започнатите и планираните работи, а оваа Програма ќе биде во насока на континуиран и севкупен напредок на нашата општина.

Формулата за успех научена во овие четири години е, да знаеш да дадеш одговор на 3 прашања: како, со кого и за кого?

Одговорот на првото прашање како подразбира: со добро и рамномерно планирање за инвестирање во сите области и во сите населени места, со изработка на проекти, со обезбедување средства за нивна реализација и нивно имплементирање во програмите на општината.

Со кого: со Владата и институциите на Владата, со Центарот за развој на планскиот регион, со помош на меѓународни и домашни фондови, со општествено одговорни компании, со соработка со граѓанскиот сектор, со Советот на Општина Градско и најважно со граѓаните на Општина Градско.

За кого: за сите целни групи, почнувајќи од најмалите од предучилишна возраст, учениците, студентите, младите, земјоделците, стопанствениците, потенцијалните инвеститори, граѓаните со потреба од социјална помош, женското лоби, самохраните родители, спортистите и секој поединец кој има потреба од соработка и помош од општината.

Убеден сум, како и до сега со посветена и одговорна работа заеднички ќе продолжиме да ја градиме нашата општина во посакувано место за живеење.

Општината постои за граѓаните, а не граѓаните за општината!

Ваш, Киро Нацков

# КАНДИДАТИ ЗА СОВЕТНИЦИ

1. Драгана Данева – носител на советничка листа
2. Веле Петрески
3. Душко Цековски
4. Кристина Самандова
5. Димче Богдановски
6. Тоше Петревски
7. Александар Ристовски
8. Јулија Димитрова
9. Симона Арсова



# ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ

Како одговорна политичка партија ВМРО-ДПМНЕ се грижи и ги поддржува сите проекти што се од примарен интерес за граѓаните на територијата на целата општина, особено за проектите кои поради својата огромна финансиска конструкција, локалната заедница не може сама да ги реализира, а се во интерес на поширокиот регионален развој.

## Доградба на училиштен објект во ООУ „Даме Груев“

За овозможување квалитетни услови за учење за нашите најмлади, но и за одлични услови за работа за наставниците, во соработка со Министерството за образование и наука, предвидуваме доградба на училиштето „Даме Груев“.

## Бесплатен одмор за одличните ученици од VI-IX одделение

Една од основните цели на воспитно-образовниот систем е градење здрави и среќни луѓе. Во насока на стимулирање на учениците за постигнување одлични резултати, општината од сопствени средства, на одличните ученици од VI-IX одделение ќе им обезбеди еднонеделен престој во некое од македонските детски одморалишта.

## Изградба на нов мост на реката Вардар кај с. Уланци

Во соработка со Владата, ќе отпочнеме процедура за проектирање и изведба на капитален проект, кој ќе овозможи безбедно одвивање на сообраќајот на жителите до своите земјоделски поседи.

## Поставување фотоволтаични панели на бунарите за вода

Поставувањето на фотоволтаични панели на бунарите за вода, кои работат на електрична енергија 24 часа, значително ќе ја намалиме потрошувачката на струја, што ќе ги намали и трошоците на граѓаните.

За Општина Градско, од клучно значење ќе бидат: модерна општинска инфраструктура, градењето локален економски развој, образование и млади, зелена, чиста и енергетски ефикасна општина, поддршка и промоција на локалниот туризам, култура и спорт, функционален систем на социјална и здравствена заштита, како и соработка со граѓанските организации.



# А. МОДЕРНА ОПШТИНСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Основна задача на локалната самоуправа е грижата за рамномерен урбан развој во сите населени места. При реализацијата на овие проекти ќе се води сметка да не се наруши туку да се унапреди животната средина, а ќе се обезбеди и хуманизација и уредување на просторот. За планираните работи во оваа област, во најголема мера веќе имаме подготвено проекти и урбанистичка документација. Во исто време, реализацијата на овие проекти не ги исклучува приоритетите што во меѓувреме ќе ги предложи локалната заедница, а ќе ги усвои Советот на општината.

## ➤ Реконструкција и рехабилитација на улици во сите населени места

Станува збор за веќе постоечки улици во населените места: Градско, Виничани, Ногаевци, Уланци, Водоврати, Долно Градско, Кочилари, Подлес, Горно и Долно Чичево.

## ➤ Реконструкција на локален пат Градско-Долно Чичево

Патот е оштетен на повеќе места на трасата заради зголемената искористеност особено од товарни и земјоделски машини и има потреба од негова реконструкција.

## ➤ Реконструкција на локален пат до манастир „Св. Архангел Михаил“

Овој дел од локалниот пат во должина од 220 метри треба да се доизгради за да се добие една целина на реконструирана делница.

## ➤ Изградба на локален пат до новата клучка кај Росоман, од Чичево до Крушевица

Со изградбата на оваа делница ќе се овозможи директна врска на населението што гравитира на овој потег и побрзо и побезбедно приклучување на регионалниот пат.

## ➤ Изградба на пешачка патека на ул. „Обиколница“

Оваа улица е фреквентна и претставува ризик за пешаците кои секојдневно се движат по неа, така што изградбата на пешачката патека ќе придонесе за поголема безбедност на пешаците.

## ➤ Реконструкција на детски парк во центарот на Градско, вклучувајќи и реконструкција на амфитеатарот

Овој проект подразбира хортикултурно и урбано уредување на парковата површина,

но и реконструкција на амфитеатарот чиј простор се користи за одржување бројни културни настани и јавни собири и презентации.

## Изградба на детски парк во населба „Капетанови куќи“ во Градско

Општина Градско следејќи ги барањата на граѓаните и нивните потреби, планира изградба на детски парк и во оваа населба за да може да им овозможи забава на децата во просторот во близина на домот.

- **Реконструкција на детско игралиште во с. Виничани со поставување нови реквизити, поставување тартан подлога, оградување на истото и доградба на потпорниот ѕид**

Детското игралиште во централното подрачје на населбата е едно од најпосетените јавни површини и има потреба да се оплемени и да се доизгради за да добие во својата функционалност, а во исто време и да се заштити од можни оштетувања.

## Реконструкција на старата општинска зграда

Старата општинска зграда е изградена пред седумдесетина години. Стандардите за работа и потребите на вработените одамна ги надминале скромните услови што ги дава овој објект. Затоа е неопходна негова реконструкција и прилагодување на современиот начин на работа, а со тоа и отворање истурени канцеларии на државните институции.

Извор на финансирање: Буџет на Општина Градско

Рок: 2028-2029 г.

## Проширување на гробиштата и изградба на паркинг-простор

Неопходно е проширување на површината за гробни места и изградба и уредување на паркинг-простор за достоинствено испраќање на покојниците.

## Уредување на влез на село Ногаевци од железничката станица до мостот на река Вардар

## Изградба на детски парк во село Кочилари

## Реконструкција на потоечкото спортско игралиште во село Кочилари со модерна подлога, и уредување на целиот простор со нови елементи



# Б. ЗЕЛЕНА И ЧИСТА И ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

### ➤ Доградба и реконструкција на фекална канализација со пречистителна станица во с. Виничани

Со овој проект ќе се заокружи решавањето на долгогодишниот проблем на жителите на Виничани и воедно ќе се заштити од загадување Виничанска Река.

### ➤ Изградба на канализација во с. Подлес

Со изградба на канализација во сите поголеми населени места, освен што се создаваат услови за современ живот на населението, се отвораат и можности за забрзан локален економски развој, без оглед дали се однесува на развој на етнотуризмот или на отворање преработувачки капацитети.

### ➤ Изградба на кеј на Виничанска Река

Со реализирањето на овој проект не само што ќе има заштита од излевање во зимските месеци туку и речното корито ќе се урбанизира, ќе се постави урбана опрема: корпи за отпадоци, канделабри и клупи, а просторот ќе се претвори во пријатно катче за одмор, прошетки и дружење, така што ќе се смени и ликот на централното подрачје на населбата.

### ➤ Реконструкција на дворот на Детската градинка „Кокичиња“

Детската градинка е современо опремена и ги задоволува сите критериуми потребни за згрижување на децата од оваа возраст, но неопходно е да се реконструира и опреми и дворното место за да може слободните активности да се извршуваат во природа, кога дозволуваат временските услови.

### ➤ Енергетски ефикасни фасади на станбените згради во централното подрачје во Градско

Во интерес на енергетската ефикасност и урбаниот изглед на централното подрачје на Градско, се планира реализација на овој проект во соработка со сопствениците и корисниците на објектите.

### ➤ „Немаме друга планета“ - манифестација по повод Денот на планетата Земја

Во центарот на Градско ќе се поставaт контејнери за селектиран отпад: стакло, хартија, пластика и електронски отпад, така што граѓаните и учениците ќе донесат отпад

и ќе го селектираат, а учениците и децата од градинка, ќе изведат пригодна програма за одбележување на Денот на планетата Земја.

### „Генералка Викенд“

„ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД“ е пролетна акција за чистење и селектирање отпад.

Нашата земја е „СОНЧЕВА – Земјата на сонцето“ и таа е куќата во која сите живееме. И ние треба да ја одржуваме чиста.

Секој втор викенд од мај, веќе три години по ред ја чистиме нашата општина од отпадот на минатото, со цел да се подигне еколошката свест за одговорност кон животната средина за генерациите кои доаѓаат.

### Отстранување диви депонии

Лоцирање и чистење на дивите депонии на цела територија на општината, поставување контејнери на тие места, а доколку е надвор од населено место, пошумување на површината.

### Инсталирање хидранти на повеќе локации

Поради честа појава на пожари во населените места, обврска на општината е подготвено да ја пречека секоја несакана состојба. Хидрантите ќе бидат од помош на граѓаните и доброволните друштва при несакани појави на пожари во населените места.

# В. ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ЕКОНОМСКИ СИЛНА ОПШТИНА

Позитивните искуства од досегашната соработка со бизнис-секторот ќе ги искористиме и во следниот период за:

## Сопствен бизнис за преработка на локални земјоделски производи

Општината ќе ги следи сите фондови што поддржуваат семејни бизниси и развој на руралната економија и ќе понуди помош за изработка на проект за заинтересираните граѓани за отпочнување бизнис за преработка на сопствените производи.

## Создавање Локален економски совет

Ќе се формира советодавно тело за економски развој на општината и во него ќе членуваат сопственици на компании, директори и менаџери кои се препознатливи по нивниот успех и иновација, а во соработка со Агенцијата за вработување, стручните средни училишта и граѓанскиот сектор.

## Создавање општински инвестициски и иновациски фонд за млади претприемачи

Целта на овој фонд е обезбедување финансиска поддршка на млади претприемачи и стартап компании во реализирање на иновативни бизнис- идеи. Овој фонд ќе биде менаџиран во стратешко партнерство помеѓу општината и бизнис-секторот во Градско и ќе поддржува иновативни идеи на млади луѓе и проекти кои ќе таргетираат одредени локални прашања.

## Обуки за жени претприемачки

Невработени жени и/или жени претприемачки од Општина Градско ќе имаат можност за менторска и финансиска поддршка, односно обуки за вештини барани на пазарот на труд, менторство за развој на сопствен бизнис и финансиска помош во форма на опрема.

## Локална стратегија за промоција на странски инвестиции

Цел е создавање поволна бизнис-клима и зголемување на приливот на странски инвестиции, како услов за поттикнување на економскиот развој во Општина Градско. Оваа стратегија ќе биде дел од Стратегијата за локален економски развој.

### Поддршка за формирање земјоделски задруги

Целта на формирањето на земјоделски задруги е да се зголеми конкурентноста на пазарот и соработката меѓу земјоделците во општината и во регионот, преку создавање поволни услови за развој и создавање нови земјоделски задруги.



# Г. ИНВЕСТИРАМЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И ВО МЛАДИТЕ ВО НАШАТА ОПШТИНА

Изминативе четири години општината реализираше бројни проекти во областа на образованието, но секогаш може подобро и повеќе. Според потребите на новото време, ќе продолжиме со набавка на современа опрема и нагледни средства за учениците, осовременување на кабинетите, како и поддршка на наставниците.

## Енергетски ефикасни фасади на сите објекти на ООУ „Даме Груев“ во Градско

Со поставување соодветна изолација од енергетски ефикасни материјали, овие објекти ќе нудат висок квалитет на услугите во училишното образование, објектите ќе добијат уникатност и голема функционалност со препорачаните мерки за енергетска ефикасност.

## Поддршка на учениците

По успешната реализација на неколку мерки за најмладите во основното образование, продолжуваме со мерката бесплатен оброк за учениците од I-V одделение, стипендирање на учениците, набавка на училишна опрема за првачињата, целосно финансирање на престојот во градинка за сите деца.



# Д. ОПШТИНАТА ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Општината ја препозна потребата за дигитализација и приближување на услугите до граѓаните. И во следниот мандат, дигитализацијата на основните услуги ќе биде унапредена и проширена на територија на целата општина.

## ➤ (Smart City) ПАМЕТЕН ГРАД - дигитализација во чекор со времето

Започнувајќи од паркот на улица Александар Македонски, ќе обезбедиме бесплатни интернет-зони и на други фреквентни јавни површини, фокусирајќи се на паркови, игралишта, училишни дворови. Наш фокус ќе биде и поставување приклучоци за полначи на телефони на „паметните“ клупи во парковите.

## ➤ Обезбедување  дигитални услуги за граѓаните

Во соработка со Владата и меѓународни партнери, ќе ги дигитализираме најкористените услуги за граѓаните на општинско ниво. Приоритетни услуги за дигитализација ќе бидат: уверение за даноци, потврда за правен статус на објект (легализација), одобрение за адаптација/ доградба/ надградба, аплицирање за социјални услуги/ субвенции, согласност за приклучоци (вода, струја, канализација и сл.), извод од Детален урбанистички план (ДУП), согласност за користење јавни и зелени површини и еднократна помош за новороденче/дете.

# Ѓ. ПОДДРШКА НА КУЛТУРНИТЕ НАСТАНИ ВО ОПШТИНАТА

Во изминатиот мандат, општината доживеа вистинска преродба на културен план, како во одржување на класични и традиционални културни настани, така и во дигиталната култура на граѓаните која преку младите сограѓани и децата навлезе во секој дом. Во таа насока, новите проекти во културата ќе ја постават општината на мапата за културни настани во регионот.

## Изградба на мултикултурен центар со доградба на Домот на културата „Крсте Петков Мисирков“ во Градско

Со проширување на капацитетот на Домот на културата ќе се создадат просторни услови за мултикултурен центар во кој ќе се организираат изложби, промоции, работилници кои ќе бидат насочени кон подигнување на интересот кон културните вредности, но и развивање на креативноста на граѓаните во одредени области, согласно нивните афинитети.

## Културни манифестации

Културните манифестации како што се: одбележување на Денот на патронот заштитник на Општина Градско, Св. Апостол Павле со манифестацијата Градско храна, вино и традиција, одбележувањето на сите значајни државни празници, фолклорниот фестивал Фолклоријада Градско, Базарот на локални производи на кој се презентира доминантната стопанска гранка на општината – производството на храна и вино по повод 16 Декември - Денот на Општина Градско, гостувања со презентација на културата на збратимените градови во Градско и на нашите уметници во збратимените градови, ќе продолжат да се организираат во континуитет.

# Е. ПОДДРШКА И ПРОМОЦИЈА НА ЛОКАЛНИОТ ТУРИЗАМ

Општина Градско има огромен потенцијал за развој на туризмот. Таа е на главната меѓународна патна артерија што отвора широки можности за развој на транзитниот туризам. Локалитетот Стоби, станува меѓународно познат белег на општината, како најголем и најзначаен антички град во државата и вистински магнет за туристите, љубители на културниот туризам. Градско е во центарот на винскиот пат и на негова територија се најпознатите винарии во Македонија. Голем потенцијал е верскиот туризам благодарејќи на манастирот Св. Архангел Михаил, црквата Св. Апостол Павле која е во завршна фаза и бројни верски објекти во секое населено место.

## Стратегија за локален туризам на Општина Градско

Во соработка со Советот и засегнатите чинители, ќе донесеме локална стратегија за развој на туризмот за да може и оваа значајна гранка да придонесе за развој и промоција на нашата општина. Истата ќе ги подвлече клучните потенцијали за развој на туризмот, ќе дефинира акциски планови и активности и ќе мотивира вклучување нови актери во создавањето на атрактивна општина за туризам.

## Изградба на игралиште на езерото Подлес од екоматеријали

Среќни сме што во континуитет ќе имаме спортска анимација за туристичките сезони во Подлес. Планирано е да се направи повеќенаменски спортски терен со тревна површина, дрвени трибини и стативи, дрвени реквизити и урбана опрема, како и изградба на терен за одбојка на песок на брегот на езерото. Реквизитите ќе бидат изработени од екоматеријали кои овозможуваат зголемена безбедност и заштита на најмладите додека ги користат.

## Изградба и уредување на пешачка патека до водопадите кај с. Подлес

Љубителите на природата често ја посетуваат оваа дестинација, но таа не е соодветно уредена. Со овој проект ќе се изгради пешачка патека и ќе се обезбеди движењето по неа.

## Поставување патокази

До моментот на донесување на овие документи и отпочнување со нивно реализирање, ќе поставиме патокази до значајните туристички дестинации за индивидуални посети на туристите.



# Ж. ФУНКЦИОНАЛЕН СИСТЕМ ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Обезбедувањето квалитетни социјални услуги е од исклучителна важност за промовирање на самостојно и пристојно живеење на граѓаните, подобрување на квалитетот на живот. Во грижата за еднаков третман на сите граѓани и пружање помош и услуги на лицата кои се нашле во потреба од социјална помош, Општина Градско во претходниот мандат направи голем исчекор како со поддршка на проекти од невладиниот сектор, така и со свои вложувања. Во овој мандат оваа дејност ќе ја збогатиме со реализирање нови проекти што ќе го олеснат животот на граѓаните и ќе ги стимулираат, да не го напуштаат родното огниште.

Општина Градско продолжува да биде дел од кампањата 16 дена активизам против родово базирано насилство врз жените и девојчињата, со што општината дава поддршка на глобалното движење за превенција и спречување на родово базираното насилство.

## ➤ Парична помош за прворoдено дете 20.000 денари еднократно, а за второ дете парична помош од 60.000 денари.

Оваа мерка се однесува за сите граѓани без оглед на нивната материјална состојба. Се остварува со поднесување соодветна документација во општината. На овој начин ги охрабруваме младите да оформуваат семејство и да останат да живеат во своето родно место.

## ➤ Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење

Општина Градско ќе ја воспостави социјалната услуга Центар за дневен престој на стари лица со активно стареење, со што ќе даде придонес за здраво, пристојно и самостојно стареење, социјално зајакнување и подобрување на квалитетот на живеење на старите лица и еднаков пристап до услуги во заедницата. Центарот ќе овозможува создавање заедница, дружење, учество во организирани настани, работилници и културни активности, што значително придонесува за емоционалната благосостојба.

Преку различни обуки и едукативни програми, старите лица можат да ги задржат или подобрат своите когнитивни способности, да научат нови вештини (како користење на технологија) и да останат вклучени во општествениот живот. Општина Градско ја покажува грижата за сите категории граѓани, промовирајќи општествена кохезија и меѓугенерациска солидарност.

## Поддршка на лица со попреченост

Ја зголемуваме поддршката за сите досегашни проекти како подароци на лицата со попречености за новогодишните празници и организирање забави, одбележувањето на 3 Декември, обезбедувањето личен асистент, како и организираниот превоз на одредени категории на граѓани.

## Медицинска сестра во заедницата

За жителите на Општина Градско ќе биде достапна услугата Медицинска сестра во заедницата со цел добрите практики од ЕУ за осигурување на здравствена и социјална заштита на граѓаните, а особено на лицата во социјален ризик, да се применат и во оваа држава. Оваа услуга опфаќа домашна посета од медицинска сестра во домот, психолог во домот и/или физиотерапевт до домот - услугите се бесплатни и наменети за лица во социјален ризик.



# 3. ИНВЕСТИРАМЕ ВО СПОРТОТ ЗА ОПШТИНА СО ЗДРАВИ НАВИКИ

Спортот во минатиот мандат доби на значење. Се изградија бројни спортски терени, а и во оваа програма значајна ставка во делот за урбанизација и комунални работи отпаѓа на овие активности.

## Изградба на фитнес-сала во Градско

Користењето на овој простор ќе биде целосно бесплатен. Ќе биде обезбеден со соодветна опрема и услови за практикување на оваа спортска активност.

## Реконструкција на стадионот и поставување нови трибини

Спортскиот фудбалски клуб „Локомотива“ од Градско остварува значителни резултати во својата лига и како што тој гостува во други општини, така и клубови од страна гостуваат во Градско. Оттука, од исклучително значење е реконструирањето на терените, трибинскиот простор и просториите за играчи.

## Поставување столчиња на трибините на кошаркарското игралиште во центарот на Градско

За целосно уредување на овој спортски објект  неопходно е да се постават и столчиња на трибините, кои ќе се обезбедат во соработка со Министерството за спорт.

# Ѕ. СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Општина Градско има развиена соработка со граѓанскиот сектор што ги покрива речиси сите области каде општината има надлежност: здравствена заштита на граѓаните, поддршка на лицата со попречености, женски активизам, пензионерски активности, активности поддржани и организирани од Црвениот крст. Општината е отворена за соработка со секоја од нив за поддршка и заедничко аплицирање пред домашните и странските фондации.

Од исклучително значење е општината да ги вклучи граѓаните во одлучувањето, тие да ги препознаат приоритетите преку јавни форуми и дебати, да остане транспарентна, и редовно да информира за својата работа. Во таа насока, општината ќе воспостави механизми за соработка и финансиска поддршка со сите чинители на заедницата, ќе го анализира задоволството на граѓаните што ќе биде показател дали сме на вистинскиот пат, ќе спроведува активности со младите и бизнис-секторот со изнесување идеи за заеднички активности, ќе ги подобри капацитетите на општинската администрација за да можат да ги следат промените и новиот начин на работа на повисоко ниво, ќе врши редовна контрола и ревизија на трошењето на јавните средства и транспарентно ќе ги креира програмите и буџетот на општината.

### Ревитализирање на месните заедници

Повторно ставање во функција на месните заедници со избор на нови раководства и нивно вклучување во процесите на донесување на одлуки.

### Отворена и транспарентна општина

Информирањето и повратното мислење од граѓаните се клучни за работата на општината. Во изминатите години Општина Градско беше во низата на најтранспарентни општини и со гордост ја одржуваме таа титула. Од тие причини, за целата работа на општината, за структурата, активностите и тековните проекти, граѓаните можат да се информираат преку сите канали на комуникација, а во следниот мандат планираме и зголемување на бројот на овие канали.

ВМРО-ДПМНЕ